Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осумнаесеттатаседница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јануари 2023 година**

**Скопје, јануари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 јануари 2023 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарствои водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација ид-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски,како и д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Амар Даут и Елизабета Дамеска-Јовановска, претставници од Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје.

Од седницата отсуствувааФатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансиии Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 106-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 108-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 109-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 112-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 113-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 114-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2022 година**

- **Усвојување на Записникот од 116-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2022 година**

1. Информација за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

2. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (транспортни моторни возила-ЈЗУ Општа болница-Струмица)

3. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад
(ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија-Скопје)

4. Предлог-одлука за давање на согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад
(ЈЗУ општа болница-Велес)

5. Информација за управување со опожарената површина во период од 29 јули до 15 август 2021 година на подрачјето на подружниците: „Осогово“-Кочани, „Малешево“-Берово, „Голак“-Делчево и „Равна Река“-Пехчево

6. Бизнис план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2023 година, Инвестициона програма за периодот 2023-2025 година и Финансиска програма за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука

7. Предлог-годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година

8. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, по скратена постапка

11. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за информатички технологии „Свисс-системс“ ДООЕЛ Гостивар, во автомат клубот, кој се наоѓа на кеј „ 13-ти Ноември“ бр.2, ГТЦ, лок.441, Скопје-Центар

12. Предлог национална програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2027 година

13. Информација за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со тендерски документации

14. Информација за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели, претежно во Катастарската општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Д3-спортско рекреативен центар за стрелаштво, КО Богданци вон град, Општина Богданци, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта, КО Градец, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

17. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Предлог-решение

18. Информација за потребата од родово-разделени податоци за деловните субјекти и предлог решение за нивно обезбедување

19. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство трговија и услуги Метал прес ДООЕЛ увоз-извоз Куманово

20. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с.Беловодица, Општина Прилеп 6/2022 и Тендерска документација за спроведување на постапката

21. Информација за вториот извештај за успешноста за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 за периодот декември 2019 година-декември 2021 година, со втор извештај за напредокот за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 (декември 2019 година-декември 2021 година)

22. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија

23. Информација за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Бугарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола

24. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година

25. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки, согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1907 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, Регулативата (ЕУ) 2022/1905 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1906 на Советот од 6 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

26. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1909 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/1904 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија што ја дестабилизираат состојбата во Украина.

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1908 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области и Регулативата (ЕУ) 2022/1903 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2022/263 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на Владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области

28. Информација со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта Пхарма-АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје

29. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје (медицинска опрема)

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8Септември“-Скопје (медицинска опрема)

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,д-р Хаим Абраванел“ Битола (ТМВ „опел комбо фириго“)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом“-Тетово (ТМВ „опел комбо фириго“)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,д-р Панче Караѓозов“- Штип(ТМВ „опел комбо фириго“)

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје (ПМВ „мерцедес-бензспринтер“)

35. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје (ПМВ „мерцедес-бенз спринтер “)

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ТМВ „опел комбо фириго“)

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „рено мастер“)

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „рено мастер“)

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „рено мастер“)

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „рено мастер“)

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „рено мастер“)

42. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (6)

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „11 Октомври“-Куманово)

44. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Генетика и селекција на растително производство“ на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

45. Информација за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, со Предлог-решение

46. Информација за поттикнување на соработка на институциите со Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија

47. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

48. Барањето за давање на автентично толкување на член 191, а во врска со член 7 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески

49. Статут на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент Скопје

50. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.46/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“ од членот 30 од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.15/76, 51/88 и 19/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93, 66/07, 130/08 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21)

51. Понудаод нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.191 за КО Три Чешми вонград, на КП бр.95/1, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/10, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/2, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/48, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/5, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/8, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/9, викано место/улица „Сушево Ритче“
52. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2952 за КО Карпош, на КП бр.6237/5, викано место/улица „Миле Поп Јорданов“

53. Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

55. Извештај за работењето на Економско-социјалниот совет за 2021 година

56. Извештај за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година

57. Информација во врска со постапката за упатување на лекување во странство, детектирани слабости од надлежни институции, причини кои довеле до побарување на дополнителни трошоци за осигурени лица пратени на лекување во Malteser Krankenhaus st.Franziskus-Hospital, во Фленсбург, Германија, со предлог активности за надминување на истите

58. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година

59. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2022 година

60. Полугодишен извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година

61. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. Скопје, за периодот јули-септември 2022 година

62. Финансиски извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем-Скопје за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година

63. Тримесеченфинансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот јули-септември 2022 година

64. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година

65. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр. 41-7523/1 од 30 август 2022 година

66. Извештајза реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година

67. Извештај за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година

68. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање за вклучување на Република Северна Македонија во Вселенскиот центар за извонредност на НАТО и за отворање на работна позиција за Република Северна Македонија во Центарот, со усогласен текст на Меморандум

69. Информација за преземени активности за ангажирање на меѓународна адвокатска фирма од Сојузна Република Германија за водење на меѓународни судски спорови со болницата Malteser Krankenhaus St.Franziskus-Hospital во Фленсбург, Германија

70. Информација во врска со Предлогакциски план 2022-2024 година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, со Предлогакциски план

71. Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 6- Право на трговски друштва од Кластер 2-Внатрешен пазар, кој ќе се одржи на 27 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог-листа и прилози

72. Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 3, Право на основање и слобода на давање на услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар на 23 и 24 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог -листа и прилози

73. Информација за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 7, Право на интелектуална сопственост од Кластер 2, Внатрешен пазар, на 25 и 26 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог-листа и прилози

*

*      *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 106-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 декември 2022 година, Записникот од 108-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 декември 2022 година, Записникот од 109-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2022 година, Записникот од 112-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 декември 2022 година, Записникот од 113-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 декември 2022 година, Записникот од 114-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2022 година и Записникот од 116-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2022 година.

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барање за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање во Комплекс клиники „Мајка Тереза“-Скопје, сопственост на Република Северна Македонија на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, поради потребата ЈУ од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје во соработка со Министерството за здравство и Министерството за финансии, до крајот на јануари 2023 година да подготви и до Владата да достави Информација со точни податоци за финансиската состојба, висината на долговите и начинот на нивно подмирување, услугите кои мора да се исплаќаат и рок за нивно плаќање (до кој ден

во месецот), како и конкретен предлог-концепт со финансиски и оперативен план за намалување на трошоците за 20%, со цел решавање и надминување на проблемите во врска со паркинг просторот во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ -Скопје.

Исто така, се задолжува ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје согласно сопственичко-правната документација (Имотен лист), односно фактичката имотно-правна состојба на недвижната ствар (објект или земјиште), до Владата да достави соодветно решение за надминување на ова прашање.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (транспортни моторни возила -ЈЗУ Општа болница-Струмица).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија-Скопје)

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Јавна здравствена установа Општа болница-Велес).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за управување со опожарената површина во период од 29 јули до 15 август 2021 година на подрачјето на подружниците: „Осогово“-Кочани, „Малешево“-Берово, „Голак“-Делчево и „Равна Река“-Пехчево, ја усвои Информацијата и се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О.-Скопје, до јуни 2023 година, до Владата да достави информација со која ќе информира за извршените активности за санирање на опожарените површини во подружниците: „Осогово“-Кочани, „Малешево“-Берово, „Голак“-Делчево и „Равна Река“-Пехчево, степенот и квалитетот на природното обновување на опожарените површини и воедно да достави акциски план за вештачко обновување на површините коишто не се обновиле по природен пат.

**Точка 6**

Владата по Бизнис планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје за 2023 година, Инвестиционата програма за периодот 2023-2025 година и Финансиската програма за 2023 година, со дополнување и Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Инвестиционата програма за периодот 2023-2025 година и Финансиската програма за 2023 година на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје.

**Точка 7**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2023 година.

**Точка 8**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, поради потребата од дополнителни консултации.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 9**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 10**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка-источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 2“, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 11**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за информатички технологии „Свисс-системс“ ДООЕЛ Гостивар, во автомат клубот, кој се наоѓа на кеј „13-ти Ноември“ бр.2, ГТЦ, лок.441, Скопје-Центар.

## Точка 12

Владата ја донесе Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2023-2027 година.

## Точка 13

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со тендерски документации и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2 - Прилепски“.

2. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче“.

3. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња“.

4. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“.

5. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“.

6. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје “Охридско Езеро“.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели, претежно во Катастарската општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарската Општина Спанчево, Општина Чешиново-Облешево.

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Д3-спортско рекреативен центар за стрелаштво, КО Богданци вон град, Општина Богданци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена Д3-спортско рекреативен центар за стрелаштво, КО Богданци вон град, Општина Богданци.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта, КО Градец, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со класа на намена Г4-стоваришта, КО Градец, Општина Врапчиште.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од родово-разделени податоци за деловните субјекти и предлог решение за нивно обезбедување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија да подготви Предлог на закон за изменување и/или дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и до 10 април 2023 година да го достави до Владата.

2.Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Централниот регистар на Република Северна Македонија да подготви Предлог на закон за изменување и/или дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам и до 1 декември 2023 година да го достави до Владата.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за пренос на удели во Друштвото за производство, трговија и услуги Метал прес ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с.Беловодица, Општина Прилеп 6/2022 и Тендерска документација за спроведување на постапката, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“ с. Беловодица, Општина Прилеп.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за вториот извештај за успешноста за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 за периодот

декември 2019 година-декември 2021 година, со втор извештај за напредокот за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 (декември 2019 година-декември 2021 година), ја усвои Информацијата и вториот извештај за напредокот за спроведување на Националната транспортна стратегија 2018-2030 (декември 2019 година-декември 2021 година) и ги задолжи Секретаријатот за европски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии-Царинска управа и Државниот завод за статистика, а им укажа на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт А.Д. Скопје, Агенцијата за цивилно воздухопловство, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија и Јавното претпријатие за државни патишта, вклучени во процесот на ажурирање на Стратегијата, за навремено доставување на потребните информации и податоци.

## Точка 22

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за издавање егзекватура за генерален конзул на Република Бугарија во Република Северна Македонија, со седиште во Битола, поради потребата предлагачот да обезбеди мислења по истата од Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во период од 1 јануари до 30 јуни 2022 година и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија веднаш да ги објави Прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур (прилог 1, 3, 4, 5 и 6), кон кои Република Северна Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено, во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија кон кои Република Северна Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила.

## Точка 25

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки, согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1907 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина, Регулативата (ЕУ) 2022/1905 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1906 на Советот од 6 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата 269/2014 за рестриктивни мерки во

однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1909 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија за дестабилизирање на состојбата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2022/1904 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр.833/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата на Русија што ја дестабилизираат состојбата во Украина.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/1908 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2022/266 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на Владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области и Регулативата (ЕУ) 2022/1903 на Советот од 6 октомври 2022 година за изменување на Регулативата (ЕУ) 2022/263 за рестриктивни мерки како одговор на признавањето на областите Донецк и Луганск во Украина кои не се под контрола на Владата и наредбата за распоредување на руските вооружени сили во тие области.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата со предлог-решение за раскинување на постоечкиот Договор за деловно-техничка соработка за перење, пеглање и дистрибуција на болнички и персонален веш, склучен помеѓу ДГПУТ Изградба-комерц ДООЕЛ Скопје и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје и истовремено исполнување на договорни обврски за Министерството за здравство како јавен партнер кои произлегуваат од Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за интегрирано менаџирање, со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции бр. 17-461/39 од 17.12.2019 година со приватен партнер Група на економски оператори составена од Евита ШПК (лидер на групата), Делта Пхарма-АЛ Шпк и Сервици Италија С.п.А и Друштвото за услуги Скопстер ДОО Скопје, поради потребата мислење да достават Фондот за здравстено осигурување на Република Северна Македонија и Бирото за јавни набавки.

Истовремено, се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за финансии и ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, до крајот на јануари 2023 година да подготви и до Владата да достави Информација со точни податоци за финансиската состојба, висината на долговите и начинот на нивно подмирување, услугите кои мора да се исплаќаат и рок за нивно плаќање (до кој ден во месецот) како и конкретен предлог-концепт со финансиски и оперативен план за намалување на трошоците за 20%, со цел решавање и надминување на проблемите во врска со болничката перална, болничката кујна и заштита од болнички инфекции.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје (медицинска опрема).

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“-Скопје (медицинска опрема).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,д-р Хаим Абраванел“-Битола (ТМВ „опелкомбо фриго“).

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом“-Тетово (ТМВ „опелкомбо фриго“).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом ,,д-р Панче Караѓозов”-Штип (ТМВ „опелкомбо фриго“).

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје (ПМВ „мерцедес бензспринтер“).

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје (ПМВ„мерцедес бензспринтер“).

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ТМВ„опелкомбо фриго“).

**Точка 37**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „реномастер“).

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „реномастер“)

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „реномастер“).

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „реномастер“)

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје (ПМВ „реномастер“)

**Точка 42**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Лиман Каба“ с.Љуботен-Бутел-Скопје).

2.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Панајот Гиновски“, Бутел-Скопје).

3.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Свети Климент Охридски“, Бутел-Скопје).

4.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Петар Здравковски-Пенко“, Бутел-Скопје).

5.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Живко Брајковски“, Бутел-Скопје).

6.Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ с.Љубанци, Општина Бутел-Скопје).

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово (за потребите на ООУ „11 Октомври“-Куманово).

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Генетика и селекција на растително производство“ на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Генетика и селекција на растително производство“ на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за определување членови на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за поттикнување на соработка на институциите со Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат сите министерства и буџетски корисници, се укажува на јавните претпријатија основани од државата, агенциите, фондовите, акционерските друштва во државна сопственост и се препорачува на единиците на локална самоуправа да ја разгледаат можноста и потребата од потпишување на меморандум за соработка со Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија.

**Точка 47**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Владата на Република Северна Македонија по однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за младински додаток, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, а со оглед на фактот дека Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) престанал да важи заклучно со 30 ноември 2022 година, му укажува на Собранието на Република Северна Македонија дека не може да се предлага негово изменување или дополнување.

**Точка 48**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 191, а во врска со член 7 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15), поднесено од пратеникот Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

I.Согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Според член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/08, 119/10 и 23/13), барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и градоначалникот на Градот Скопје и советите на општините и Советот на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.

Согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку законодавно-правната комисија оцени дека е оправдано и изготви предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница.

Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

II. Одредбата од член 191 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) гласи:

„(1) По пристигнувањето на средствата на сметката, стечајниот управник е должен во рок од осум дена да состави предлог на план за авансна распределба.
Овој предлог на план веднаш се доставува до членовите на одборот на доверител на одобрување.
По одобрувањето од одборот на доверители, стечајниот управник го доставува предлогот на планот до стечајниот судија и сите доверители опфатени со планот. Во предлогот на планот стечајниот управник издвојува соодветен износ којшто е потребен за исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса.

(2) Во рок од осум дена од денот на приемот на доставување на планот за авансна распределба, доверителите имаат право на приговор до стечајниот судија.

(3) Стечајниот судија е должен да ги разгледа приговорите на доверителите, доколку има потреба да направи одредени исправки во овој план и да донесе решение со кое ќе го одобри планот за авансна распределба.

(4) Решението со кое се одобрува планот за авансна распределба се доставува до стечајниот управник, кој е должен во рок од осум дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите.
По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.“

Додека пак со членот 7 од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14, 98/15 и 192/15) е уредена примена на одредбите на Законот за парничната постапка и истиот гласи: „На стечајната постапка соодветно се применуваат од Законот за парничната постапка, ако со овој закон поинаку не е определено“.
Согласно член 89, став 5 од Законот за стечај, стечајниот судија во рок од три дена по заклучувањето на испитното рочиште, донесува решение во кое се наведуваат доверителите на кои им е утврдено побарувањето и во кој износ и доверителите на

кои им е оспорено побарувањето и во кој износ. Против ова решение не е дозволена посебна жалба.

Согласно член 189, став 1 од Законот за стечај, стечајните доверители ќе се намируваат дури по заклучувањето на испитното (верификационо) рочиште. Намирувањето на стечајните доверители се врши преку авансна распределба на средствата, како и со конечна распределба.

Согласно член 190, став 1 од Законот за стечај, пред да започне со распределбата на средствата, стечајниот управник ќе состави предлог на план за распределба.

Согласно член 190, став 2 од Законот за стечај Предлогот на планот за распределба содржи вкупен износ на побарувањата, износот на паричните средства достапен за распределба од стечајната маса, список на побарувањата што ќе се земат предвид при распределбата, процентот на намирување на доверителите, како и износот на паричните средства кои ќе бидат издвоени за намирување на побарувањата на доверителите чии побарувања биле оспорени. Овој план ќе биде депониран во стечајното досие за увид на учесниците во стечајната постапка.

Согласно член 191, став 1 од Законот за стечај, по пристигнување на средствата на сметката, стечајниот управник е должен во рок од осум дена да состави предлог на план за авансна распределба. Овој предлог на план веднаш се доставува до членовите на одборот на доверители на одобрување. По одобрувањето од одборот на доверители, стечајниот управник го доставува предлогот на планот до стечајниот судија и сите доверители опфатени со планот. Во предлогот на планот стечајниот управник издвојува соодветен износ којшто е потребен за исплата на неисплатените и предвидени трошоци на стечајната маса.

Согласно член 191, став 2 од Законот за стечај, во рок од осум дена од денот на доставувањето на планот за авансна распределба, доверителите имаат право на приговор до стечајниот судија.

Согласно член 191, став 3 од Законот за стечај, Стечајниот судија е должен да ги разгледа приговорите на доверителите, доколку има потреба да направи одредени исправки во овој план и да донесе решение со кое ќе го одобри планот за авансна распределба.

Согласно член 191, став 4 од Законот за стечај, Решението со кое се одобрува планот за авансна распределба се доставува до стечајниот управник, кој е должен во рок од осум дена да изврши исплата на паричните средства на сметките на доверителите.

По извршената исплата на средствата стечајниот управник е должен да состави посебен извештај за извршената исплата и да го достави до стечајниот судија, одборот на доверители, како и да го депонира во стечајното досие на должникот за увид на доверителите.

Согласно членот 7 од Законот за стечај, на стечајната постапка соодветно се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка, ако со овој закон поинаку не е определено.

Согласно член 12, став 1 од Законот за стечај, против решение на стечајниот судија може да се изјави жалба до апелациониот суд, преку надлежниот основен суд во рок од осум дена, кога тоа е определено со овој закон.

Согласно погоре цитираните законски одредби, намирувањето на стечајните доверители се врши дури по заклучување на испитното (верификационо) рочиште, односно по донесување на решението за утврдени и оспорени побарувања. Во предлогот на планот за распределба, се опфаќаат и доверителите чии побарувања се оспорени, односно за кои што се води постапка пред надлежниот суд за утврдување на побарувањето и за овие побарувања стечајниот управник резервира средства.

Од таа причина, во моментот на пристапување кон намирување на доверителите, неспорно е дека за утврдените побарувања веќе постои мериторна одлука-решението за утврдени побарувања, додека за оспорените побарувања се води соодветна судска постапка која, исто така, ќе заврши со мериторна одлука на судот за основаноста на побарувањето. Тоа значи дека, во постапката за намирување на доверителите по пат на авансна распределба на средства, не се носи мериторна одлука со којашто се одлучува за основаноста и висината на побарувањето, туку стечајниот управник со изготвување на предлог-планот за авансна распределба ги намирува доверителите кои веќе имаат утврдено побарување, односно резервира средства за оние чие побарување е оспорено. Ваквата постапка е чисто оперативна постапка со којашто се ефектуираат веќе донесени мериторни одлуки, независно дали е тоа решението за утврдени и оспорени побарувања, или судски пресуди со кои се утврдува побарување. Токму од таа причина и законодавецот се одлучил против решението со кое се одобрува една чисто математички прецизна операција да не дозволи право на жалба.

Согласно членот 12, став 1 од Законот за стечај, правото на жалба против решение на стечајниот судија може да се изјави само во оние ситуации кога овој закон тоа го дозволува и истото е определено со Законот за стечај.

Во целиот закон, точно се определени ситуациите кога правото на жалба против решение на стечајниот судија е дозволено, а како што е пропишано со оваа одредба.

Во сите останати случаи, меѓу кои е и постапката по план за авансна распределба на средства од член 191 од Законот за стечај, се применуваат општите одредби од Законот за стечај, односно за дозволеноста на жалба во стечајна постапка тоа е членот 12, став 1 од Законот за стечај цитиран погоре, од која одредба произлегува дека правото на жалба не е правило, туку исклучок во стечајната постапка, а поради итниот карактер на истата.

Членот 7 од Законот за стечај се повикува на Законот за парнична постапка за регулирање на сите прашања за коишто Законот за стечај не понудил решение, односно не определил поинаку. Тоа значи дека за сите оние прашања за коишто Законот за стечај има општа, односно посебна одредба со којашто се регулира определено прашање, како што е случај постапката по план за авансна распределба, се применува истиот, а не Законот за парнична постапка, кој има само супсидијарна примена во смисла на членот 7 од Законот за стечај. Ова е во согласност со правилото lex specialis derogat lege generali (посебниот закон го дерогира општиот) согласно кое Законот за стечај се јавува како специјален закон во однос на регулирање на стечајната постапка, наспроти Законот за парнична постапка којшто е општ закон.

Во таа смисла, согласно правилата за толкување, неосновано е наведеното дека во конкретната законска одредба не е уредено дали е дозволена, односно недозволена жалба против решението на стечајниот судија со кое се одобрува планот за авансна распределба, бидејќи од членот 12, став 1 од Законот за стечај неспорно произлегува дека против ова решение не е дозволено право на жалба.

Ваквото нормирање е резултат на фактот дека со наведеното решение со кое го одобрува планот за авансна распределба, стечајниот судија не одлучува за некое материјално прашање, како што е висината и основот на побарувањето на доверител, со оглед дека за ова прашање се одлучува во фазата на испитување на побарувањата и тоа како што е наведено во одредбите цитирани погоре.

Во постапката по предлог план за авансна распределба на средства, стечајниот судија се јавува само како процесен чувар и истиот единствено внимава на постапката и на постоење на определени грешки во планот за авансна распределба на средства, но не одлучува за конкретно материјално-правно барање, бидејќи за тоа веќе е одлучено со донесеното решение за утврдени и оспорени побарувања. Токму од таа причина и не е предвидено право на жалба против ваквото решение, како што и не е предвидено право на жалба против решенијата со кои стечајниот судија раководи со постапката, бидејќи со ваквото решение не се засегнува право на определен доверител.
Неосновано е дека ваквото нормирање, односно недозволувањето на право на жалба против ова решение претставува повреда на уставното начело на право на жалба.

Повторно се укажува дека со решението со кое се одобрува планот за авансна распределба на средства не се одлучува мериторно за конкретно право/барање на доверител (со оглед дека, како што е наведено погоре, намирувањето на доверителите се врши откако ќе заврши постапката за испитување на побарувањата), бидејќи истото се носи единствено како потврда дека планот е изготвен согласно процесните правила на Законот за стечај и истиот не содржи грешки кои треба да се исправат. Доказ за тоа е концепцијата на одредбата од член 191, став 3 од Законот за стечај со која е предвидено дека стечајниот судија може единствено да направи исправки на веќе одобрениот план, а не и да донесе мериторно решение по однос на истиот.

Впрочем, дури и во Законот за парничната постапка, како и во други закони од процесен карактер во нашата држава, предвидени се ситуации во коишто не се дозволува право на жалба против решенија на судот, но истото не преставува повреда на правото на жалба, бидејќи, како што е случајот и со член 191 од Законот за стечај, тоа се оние ситуации каде што судот раководи со постапката, односно не станува збор за мериторна одлука со којашто се одлучува за некое барање на странката.

Согласно напред наведеното одредбата од член 191 е потполна јасна и прецизна и не постојат причини Собранието да даде автентично толкување дали незадоволната страна има право на жалба во случаите од член 191 од Законот за стечај, со оглед дека од самиот член 12 став 5 од Законот за стечај, изречно произлегува дека против решение со кое се одобрува планот за авансна распределба не е дозволена жалба.

## <u>Точка 49</u>

Владатагоразгледа Статутот на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент-Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Во член 5 потребно е да се коригира скратениот назив на Универзитет Скопје, бидејќи наведениот скратен назив УТМС не соодветствува на новиот назив на Универзитетот.

Во текстот на доставениот Статут не се наведени одредби во однос на тоа дека Приватната високообразовна установа „Универзитет Скопје" е правен следбеник на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент „УТМС-Скопје".

Исто така, потребно е да се наведат и одредби во врска со статусот на студентите кои веќе ги започнале студиите на прв, втор и трет циклус на Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент „УТМС-Скопје“.
На останатиот текст од Статутот Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и дава позитивно мислење.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.46/22 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“ од членот 30 од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.15/76, 51/88 и 19/90, „Службен весник на Република Македонија“ бр.12/93, 66/07, 130/08 и 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21) и притоа го утврди следното мислење:
Подносителот на Иницијативата иницира оценување на уставноста на делот „министерот за стопанство и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“ од член 30 од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови.

Имено, предлагачот на Иницијативата укажува дека со наведената одредба се пропишани надлежности за непостоечко министерство, односно непостоечки министер, кое смета дека може да доведе до правна несигурност, нејаснотии и забуна во практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретната правна проблематика, како и органите кои го применуваат законот. Подносителот на Иницијативата смета дека наведеното не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Наводите на подносителот на Иницијативата кои се однесуваат на повреда на одредбите од Уставот се неосновани од следните причини:

Со членот 30 од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови се определува надлежност за министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за стопанство односно со министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, за донесување поблиски прописи за складирањето и заштитата од запалните течности и гасови.

Во конкретниот случај се работи за одредба содржана во рамки на „Преодни и завршни одредби“ со која се определуваат конкретни задолженија за определени институции наведени во истата во насока на спроведување, односно имплементација на законските одредби. Имајќи го предвид значењето на преодните одредби како одредби чија суштина е уредување на прашање (преодно) од една (постојна) во друга или барем различна правна уреденост, односно во случајов одредба со која се предвидува овластување за министерот за внатрешни работи, во согласност со министерот за стопанство, односно со министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, да донесе поблиски прописи за складирањето и заштитата од запалните течност и гасови, недвосмислено произлегува дека со оспорениот дел од преодната одредба не се определува право, односно обврска за граѓани, или правни лица. Оттука, оспорената одредба не може да биде причина за правна несигурност, нејаснотии и забуна во практикувањето на правото за граѓаните. Имено, со одредбата се определило овластување за наведените министри, односно министерства според фактичката состојба во однос на називите на институциите во моментот на донесување на истата.

Покрај наведеното, со членот 62 став 1 алинеја 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19), утврдено е дека Министерството за стопанство и Министерството за трговија се обединуваат во Министерство за економија и продолжуваат со работа како Министерство за економија со надлежности утврдени со овој закон, а додека Министерството за урбанизам и градежништво се укинува, а работите од неговата надлежност преминуваат во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски.

Имајќи го предвид наведеното, надлежностите кои согласно закон биле во рамките на Министерството за стопанство преминуваат во надлежност на Министерството за економија.

Предметната одредба не е во спротивност со уставно загарантираната темелна вредност за владеење на правото, имајќи предвид дека во материјалниот закон со кој се уредува организацијата и работата на органите на државната управа, веќе е уредено прашањето кое се однесува на називот на институцијата, при што конкретната одредба не доведува до правна несигурност при нејзината примена, уште повеќе што се работи за преодна одредба со која се дава основ за донесување на поблиски прописи за складирање и заштита од запални течности и гасови и истата не произведува правно дејство за граѓаните, како би довело до правна несигурност и забуна во практикувањето.

Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови датира од 1976 година, слично како и останатите сродни закони од областа кои се однесуваат на промет и заштита од експлозивни материи. Имајќи ги предвид севкупните процеси во предметната област, во Министерството за внатрешни работи е започнат процес на целосно ревидирање на одредбите од Законот за заштита од експлозивни материи и Законот за промет со експлозивни материи. Конкретно, во тек е процес на изготвување на нов закон за експлозивни материи за цивилна употреба, во кој е предвидено обединување на одредбите содржани во Законот за заштита од експлозивни материи и Законот за промет со експлозивни материи, како и нивно усогласување со европската регулатива од предметната област. По донесувањето на новиот Закон за експлозивни материи за цивилна употреба ќе следува процес на усогласување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови со одредбите од новиот Закон.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на делот „министерот за стопанство и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија“ од член 30 од Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/76, 51/88, 19/90, 12/93, 66/07, 130/08, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.294/21), односно предметната Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.191 за КО Три Чешми вонград, на КП бр.95/1, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/10, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/2, викано место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/48, викано

место/улица „Сушево Ритче“, КП бр.95/5, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/8, викано место/улица „Ежово Поле“, КП бр.95/9, викано место/улица „Сушево Ритче“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2952 за КО Карпош, на КП бр.6237/5, викано место/улица „Миле Поп Јорданов“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 53**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 54**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 22 декември 2022 година до 28 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 29 декември 2022 година до 4 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од22 декември 2022 година до 28 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна

Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од29 декември 2022 година до 4 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата на предлог на доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, заклучи стартот на наставата во второто полугодие во сите основни и средни училишта во Република Северна Македонија да отпочне на 23 јануари 2023 година и за таа цел го задолжи Министерството за образование и наука да ги измени Календарот за организација и работа на основните и средните училишта во учебната 2022/2023 година и Планот за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2022/2023 година.

**6.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Ценовникот на услуги за 2023 година на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, поради потребата ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје во соработка со Министерството за здравство, до крајот на јануари 2023 година да подготви и до Владата да достави Информација со точни податоци за финансиската состојба, висината на долговите и начинот на нивно подмирување, услугите кои мора да се исплаќаат и рок за нивно плаќање (до кој ден во месецот) како и конкретен предлог-концепт со финансиски и оперативен план, со цел решавање и надминување на проблемите во врска со Ценовникот на услуги за 2023 година.

Исто така, се укажува на Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и клиниките да ги користат услугите на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, согласно Одлуката за основање на Јавната установа.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 22 декември 2022 година до28 декември 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата го разгледа Барањето од Српскиот културен центар-Скопје за користење на салата на Националната установа Македонски народен театар, без надомест, на 27 јануари 2023 година, за свечената Светосавска академија, по повод „Денови на Свети Сава-одбележување на националниот ден на Србите во Македонија и ја задолжи Националната установа Македонски народен театар да му овозможи на Здружението Српски културен центар-Скопје користење на салата за прослава на празникот, на 27 јануари 2023 година, без надомест.

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на

Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 29 декември 2022 година до 4 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа Предлогот за дополнување на Заклучокот од Сто и седумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2022 година точка 7 (Прашања и предлози) и заклучи истиот да се дополни со следните заклучоци:

- Се задолжуваат АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, а се укажува на ЈП Колекторски систем-Скопје, ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О-Скопје, ЈП за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта-Скопје, ЈП за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, ЈП за стопанисување со пасишта-Скопје, ЈП Стрежево-Битола и други правни субјекти со негативен финансиски резултат да подготват и до Владата да достават информација за оправданоста на барањата за вработувања, со Предлог-заклучоци.

- Се задолжува Министерството за финансии да постапува по поднесените барања за вработувања по претходно усвоена информација од Владата, со заклучоци за бројот на извршители по работни места и временски период за кој треба да се однесува известувањето за обезбедени финансиски средства и само доколку истите се комплетирани со бараните податоци, согласно член 20 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година (само доколку се обезбедени финансиски средства во финансиските планови за 2023 година и доколку станува збор за работни места неопходни за вршење на основната дејност на правниот субјект).

**11.** Владата ја донесе Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите на водозафатниот објект извор „Студенчица“, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ.

**12.** Владата заклучи да престане да важи Заклучокот бр.3, по точка 2 од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 април 2020 година, по Записникот од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус COVID-19, одржан на 27 април 2020 година.

## Точка 55

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Економско-социјалниот совет за 2021 година, како материјал за информирање.

## Точка 56

Владата го разгледа Извештајот за напредокот на имплементацијата на Програмската рамка на Организацијата за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за

Република Северна Македонија за периодот 2021-2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за упатување на лекување во странство, детектирани слабости од надлежни институции, причини кои довеле до побарување на дополнителни трошоци за осигурени лица пратени на лекување во Malteser Krankenhaus st.Franziskus-Hospital, во Фленсбург, Германија, со предлог активности за надминување на истите, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да го покрене прашањето за одговорност за непостапување на надлежните лица во Фондот, по наодите за детектирани слабости кои довеле до побарување на дополнителни трошоци за осигурени лица пратени на лекување во Malteser Krankenhaus st.Franziskus-Hospital, во Фленсбург, Германија.

**Точка 58**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството, руралниот развој, рибарство со аквакултура и ИПАРД Програмата за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. Скопје, за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје за периодот 1 јули 2022 година-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, за периодот јули-септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр. 41-7523/1 од 30 август 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на одобрените средства за исплата на штета од елементарни непогоди по Одлука, донесена од Владата на Република Северна Македонија со бр.41-7523/1 од 30 август 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање за вклучување на Република Северна Македонија во Вселенскиот центар за извонредност на НАТО и за отворање на работна позиција за Република Северна Македонија во Центарот, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои Информацијата со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање за вклучување на Република Северна Македонија во Вселенскиот центар за извонредност на НАТО и за отворање на работна позиција за Република Северна Македонија во Центарот.

2. Го овласти полковник Валентин Иваноски, раководител на С-ВВА во име на Министерството за одбрана, да го потпише Меморандумот за разбирање за вклучување на Република Северна Македонија во Вселенскиот центар за извонредност на НАТО и за отворање на работна позиција за Република Северна Македонија во Центарот.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени активности за ангажирање на меѓународна адвокатска фирма од Сојузна Република Германија за водење на меѓународни судски спорови со болницата Malteser Krankenhaus St.Franziskus-Hospital во Фленсбург, Германија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија да започне преговори за склучување на спогодба за регулирање

на меѓусебните долгови и побарувања со болницата Malteser Krankenhaus St.Franziskus-Hospital во Фленсбург, Германија.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлогакциски план 2022-2024 година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година, со Предлогакциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план 2022- 2024 година со проценка на трошоци за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 6-Право на трговски друштва од Кластер 2-Внатрешен пазар, кој ќе се одржи на 27 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог-листа и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници на билатералниот скрининг.

2. Се задолжува работната група за Поглавје 6-Право на трговски друштва при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 3, Право на основање и слобода на давање на услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар на 23 и 24 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог листа и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 3, Право на основање и слобода на давање на услуги при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции, согласно презентациите и насоките од Главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да достават предлог-одговор до Секретаријатот за европски прашања, по однос на тоа дали се предвидува делумна или целосна приватизација на Универзалниот давател на услуги-АД „Пошта на Северна Македонија“, најдоцна до 18 јануари 2023 година.

4. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да достават предлог-одговор до Секретаријатот за европски прашања, по однос на среднорочни и долгорочни рокови за целосна либерализација на пазарот за поштенски услуги, најдоцна до 18 јануари 2023 година.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка и одржување на билатерален скрининг за Поглавје 7, Право на интелектуална сопственост од Кластер 2, Внатрешен пазар, на 25 и 26 јануари 2023 година во Брисел, со Предлог-листа и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува Работната група за Поглавје 7, Право на интелектуална сопственост, при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |